

**Ханс-Лотар Штепан**
**(Hans-Lothar Steppan)**

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ

Роден 1933 година во источна Прусија.
Студира стопанско инжинерство на Факултетот за науките на културата и државата на Техничката виша школа во Дармштат, каде што од 1963 година работи како асистент. Овде тој се стекнува и со докторската титула.
Во 1965 година авторот се вработува во Министерството за надворешни работи на Германија.
Во рамките на неговото службување во странство, престојува во Франција, Гвинеја, Финска и поранешна Југославија. Како амбасадор, Штепан има работено во Катар, Чад и во Македонија.

## Прв нацрт-план за Балканскиот Сојуз

По помирувањето со Русија и, со тоа, признавањето на обединетото бугарско кралство од страна на Големите сили и Османлиското царство, во бугарско-руските односи повторно се врати стариот дух на соработка.

Во претходно цитираните интервјуа во весникот „Фигаро“ со бугарските (и српските) политичари, кои беа објавени и во „Пестер Лојд“ од 14.10.1897 година, премиерот Драган Цанков рече:

*„Бугарија мора да се потпира само врз Русија, на која ѝ го должи своето постоење, и без која не може да опстане.“ Министерот за надворешни работи Греков дополни: „Не ги заборавуваме услугите кои ни ги направи Русија...“ но додаде. „но не можеме нашите интереси да ги подредиме на нејзините“.*

„Интересите“, секако, се однесуваа на освојување територии во Македонија. Со помош на Русите еден ден (оваа изјава потекнува од Каравелов) Султанот на Бугарите „ќе им одобри автономна Македонија“. Слична изјава даде и советникот на кнезот:

*„Баравме автономија за Македонија и нема да се откажеме сѐ додека не ни биде одобрена“. „Грците и Србите ќе погрешат доколку нашите напори околу автономијата на Македонија ги сметаат за штетни.“ (Министерот за внатрешни работи Греков)*

На фактот дека партнерите односно противниците во никој случај не грешеа, беше укажано уште во поглавјето за Србија.

Намерата на „Фигаро“ беше да открие зошто балканските држави не застанаа на страната на Грците во битката за Крит и Тесалија, која Атина, игнорирајќи ги советите од Големите сили, намерно ја предизвика и од која (поради англискиот отпор) излезе поразена. На ова прашање, интервјуираните јасно одговорија: Биле спречени од Големите сили; покрај другото, според советникот на кнезот, и затоа што цела Бугарија се подготвуваше да „продолжи со ослободувањето на Голема Бугарија“. Токму тоа не одговараше на концептот на велесилите.

Но сепак беше скептичен околу сигурните последици од оваа акција:

*„Што би бил исходот? Бугарската армија ќе ја окупираше Македонија, а Романската армија Бугарија.“*

Со ова советникот точно и јасно ја резимираше проблематиката на земјите соседи на Македонија: Целта за освојување на македонските територии беше јасна; но не беше јасно како да се постигне оваа цел без да се ризикува сопствената држава.

Беше ли ова шанса Македонија да преживее?

Уредникот на „Фигаро“, господинот Бујон, по завршувањето на интервјуата даде негативен и זајадлив коментар за отвореноста и наивноста на бугарските и српските политичари. Ова беше крајно нефер, имајќи предвид дека профитираше од нивната подготвеност да бидат интервјуирани.

Новите информации околу Балканскиот сојуз и Македонија не беа ништо сензационално. „Минхерен нојстен нахрихтен“ половина година претходно го објави текстот на првиот нацрт-план за сојуз помеѓу кралството Србија и кнежевствата Бугарија и Црна Гора (беше преземен од бугарскиот „проруски опозициски весник 'Светлина', орган на Цанков.“)

Текстот е полн со пропусти и стилски непрефинет, како да го составиле неколку новинари надарени со доста фантазија, - но можно е да беше и „пробен балон“, „пуштен“ од професионалци. Покрај тоа, член. 1 започнува со лага, со оглед на тоа што како цел на сојузот се истакнува „зачувување на интегритетот и независноста“ на членките..

Посебно симптоматичен, дури и *сензационален* е член. 4 кој зборува сам за себе:

*„Со оглед на тоа дека земјите членки имаат и неослободени браќа во Турција, како и во Босна и во Херцеговина под австриска власт, се обврзуваат да работат за подобрување на состојбата на овие браќа.“*

*Тешко дека во тоа време (значи неколку години пред преминот во XX век а уште повеќе пред анексијата на Босна) ќе се најде појасна изјава за целта на Балканскиот Сојуз, т.е. не само против Турција, туку и против Австро-Унгарија.*

Впрочем, навистина е смешно Балканските војни за Македонија и Тракија, предвидени во овој нацрт-план, да се сметаат за „подобрување на состојбата на овие браќа.“


фотографија Александар Дончев

# Лажни Бугари - вистински Македонци: ВМРО



И покрај оваа објава, наводно инсценирана од самата бугарска влада, бугарскиот кнез Фердинанд по посетата на црногорскиот кнез Никола во Цетиње во 1898 год., вложи големи напори да ги демантира гласините за неговите планови за сојуз со Црна Гора. Токму еден од неговите повереници, бугарскиот претставник во Србија, Георгиев, кого тој за неговата тешка задача го зема со себе во Цетиње и кој во Белград требаше доверливо да пропагира за приклучување на Србија кон наводно веќе склучениот бугарско-црногорски сојуз „против Турција", се потруди, кај својот германски колега, претставникот во Белград, да ги негира овие гласини и посетата на кнезот да ја претстави како посета од чиста куртоазија. Сепак, грофот Шверин очигледно ги постави своите прашања толку итро, што на Георгиев при одговарањето на истите му излетаа некои тајни кои од македонска гледна точка воопшто не се интересни:

Господин Георгиев не можел да ги скрие „во последно време сè почестите убиства на српски учители во Македонија кои еден овдешен (српски) опозиционерски лист ги припишува на бугарско тајно здружение за уништување на српските агитатори". Но, тој потенцирал, „дека индивидуи во Македонија многу често се изјаснувале како Бугари, иако тоа воопшто не биле."

Индивидуи, кои за време на убиствата на српските учители во Македонија за да се прикријат се исјаснувале како Бугари, значи не биле Бугари, не можеле да бидат нормално ниту Срби. Доколку биле Грци, Георгиев ни најмалку не би се двоумел да ги именува сторителите по име, односно по нивната национална припадност. Воопшто не можат да се замислат други групи кои биле подготвени да им ја „одземат" задачата на Македонците, да се бранат под туѓото влијание во овој случај од србизација. Како што е веќе познато од поглавјето за Србија, активностите на српските комитети подоцна, по српско-бугарската спогодба за сферите на интереси, биле одредувани „по наредба од горе". Следствено на тоа можело да стане збор само за „вистински" Македонци.

На ваквите случаи не мора задолжително да се гледа како на херојски подвизи на Македонците, но тие, како акции на самоодбрана, на денешните Македонци им служат на чест во интерес на докажување на нивниот сопствен идентитет.

И уште еден податок: обласста, која неговата држава, всушност, ја сметала за бугарски регион, бугарски претставник ја нарече секако „Македонија".

Иако овој податок, како изолиран детаљ, изгледа како да нема никакво значење; сепак, за историјата на Македонија и за идентитетот на Македонците тој игра значајна улога:

Имено, одговорна за таквите атентати и ослободителни борби, во тоа време, на македонската страна беше ВМРО, *Внатрешна македонска револуционерна организација.* Основана е во Солун, во 1893 година под името МРО *Македонска револуционерна организација*, а во 1896 година беше преименувана во ВМРО, за јасно да се огради од Надворешната македонска револуционерна организација, основана во Софија. Местото на основање, Софија, од бугарска страна повторно беше искористено за дијалектички акробации, со цел да се докаже дека Македонците „следствено на тоа" би морале да се Бугари.

Според оваа логика, и поранешните бугарски комитации, како на пример Каравелов и Левски, кои исто така оперирале надвор од областите под турска окупација, имено од Влашка како Романци, како и Раковски од Белград, каде била основана првата бугарска легија, морале да бидат прогласени за Срби.

Со добра причина никој не го сторил тоа, но, Бугарите веруваа дека ова можат да им го подметнат на Македонците.

*„Оваа организација беше замислена како македонска, таа не сакаше да зависи од ниедна од соседните држави и си постави цел да создаде автономија за целата област, именувана како Македонија, која се уште беше под турска власт. Нејзиното мото гласеше: 'Македонија на Македонците'."*

Најпознати основачи и водечки личности беа Гоце Делчев и Даме Груев.

Ј. Де Јонг наведува дека „барањата за национална независност" освен ВМРО биле поддржувани и од „македонските студентски иницијативи во Бугарија, Србија и Русија".

Исто така, ВМРО беше таа која го испланира Илинденското востание, кое поради повеќекратните несреќни случаи и околности прерано избувна. Едит Дурхам наведува уште еден фатален детаљ: „наместо истовремено, општо востание, селата (се дигнаа) едно по друго..."

(Дури и по Балканските војни и по 1918 година ВМРО се бореше за отцепување на Македонија од Кралството Југославија.)

За да може посистематски да ги спречи активностите на македонската ВМРО, бугарската влада го основа „Македонскиот комитет" кој подоцна беше издигнат во „Врховен комитет" и како таков на Турците им предаде безброј членови на ВМРО. Оттаму де Јонг во нејзиното научно истражување „Врховниот македонско-одрински комитет" (ВМК/ВМОК) го окарактеризирува како „конкуренција" на ВМРО, поточно expressis verbis.

„борбата против ВМРО... се оценува како главна задача на ВМК/ВМОК."

Во овој контекс студијата на де Јонг нуди поучни податоци за специфичните професионални профили на членовите на обете „конкурентски" организации:

*„висока застапеност на офицери во (бугарската) ВМК/ВМОК наспроти (македонската) носечка структура на ВМРО, составена од учители би ја документирала" различната поставена цел на обете страни, имено, на бугарска страна планот „краткорочно" составен за провокација за вмешување на велесилите" и на македонска страна програмата, „долгорочно предвидена како самоослободување преку самостојно создавање нација".*

Тоа што тогашниот процес за образување нација, сепак, не успеа, зависеше како од „силното бугарско влијание на ...ВМК/ВМОК", така и од тоа што (поинаку, отколку полиетничко конзервирачката намера за интеграцијата на Македонците)

*„останатите етнички групи (Грци, Албанци и Аромани) кои сеуште беа од значење и за кои исто така се однесуваа барањата за ослободување од страна на словенските групи-носители"(!), „првенствено ги застапуваа барањата за автономија ограничена на сопствениот етникум, без полиетнички размислувања."*

Политички обмислената, широкограда и фер намера на Македонците одеше уште понатаму: тоа би било словенско движење, кое

*„во регионално определеното обележје 'Македонци' би го вброило сето... население на овој простор“, „но, сепак, не покренувајќи никакви барања за словенизирање на останатите... етнички групи.“*



***Оваа широкоградост на Македонците не вроди плод, бидејќи сите застапници на соседните држави беа исклучително експанзионистички настроени:***

*„за формирање христијанско-македонски етникум во Македонија конкурираа грчката Патријаршија од 1872 година. Бугарската егзархија и од 1896 год. уште и српските училишни институции.“*

Повеќе од разбирливо е што Македонците денес по нивните лоши искуства со сите соседи низ последниве 125 години и буквално до денешен ден не се толку дарежливи и често настапуваат со недоверба.

Де Јонг оди понатаму: Тоа беше словенско движење и

*„остана словенско движење. Своите национални примери за интеграција тоа, во основа го доби од амбивалентните процеси на поставување граници. Овие најпрво следеа преку приемот на наметнатите понуди за бугаризација со основањето и проширувањето на Егзархијата во 1870/72 година како реакција на притисокот за елинизирање од страна на етаблираната грчка Патријаршија. Со српските обиди за национализирање, кои кон претходниве се приклучија на крајот на XIX век, настана конкурентска констелација воведена однадвор“, поради која понатамошните тенденции за разграничување станаа неизбежни.*

Со други зборови: за да го избегне сè поголемиот грчки притисок, еден дел од Македонците, како моментално решение, најде прибежиште кај бугарската црква. Но, со овој потег тие се најдоа меѓу сцили и харибди; Бугарите ја искористија суштинската реалност, што некои Македонци во мигови на нужда преку Бугарската Православна Црква pro forma се изјаснија за бугарштината, употребувајќи ја како средство кое им помогна да ги декларираат како Бугари и оние Македонци кои цврсто се држеа до нивната македонска определба, а нивната територија да ја припојат како бугарска. Овој процес требаше да биде забрзан и со надредената македонска листа со приоритети, како што де Јонг понатаму пишува:

*„Зачетоците на едно македонско национално движење (се развиваа) врз основа на двојно степенувана... опозициона диспозиција: главниот удар се насочуваше против социјално потиснувачкото, но национално неасимилирачкото турско ропство и дури потоа против притисокот за национализирање од страна на конкурентските соседни држави кои со помош на нивните создадени т.е. посакувани афтокефални цркви и од нив институционализираните школства се обидуваа да ги искористат предностите на религиозно подредениот, делумно автономен османлиски милетски систем и истиот да го ослабнат и соборат.“*

Hans-Lothar Steppan

„Македонскиот јазол“

Идентитетот на Македонците прикажан

на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914)

Аз-Буки, Скопје, 2004 г.

Едиција: ЕОНИ
Книга 3




ПАТУВАЈТЕ...
НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ВАС!
International SOS
tel. +420222111125
24 hours service
Free of charge.
ПАТНИЧКО-ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
Ние го нудиме светот. Следниот чекор е Ваш.
ТАБАК
ОСИГУРУВАЊЕ
JSC for insurance TABAK - Skopje
III Makedonska brigada b.b., 1000 Skopje
T. +389 2 3105 608
F. +389 2 3105 685
e-mail: contact@tabakosiguruvanje.com.mk
www.tabakosiguruvanje.com.mk
The Best Insurance Company in Macedonia
by Gross Profit, ROA Index, Capital Strength
finance central europe
TRAVEL... YOUR SAFETY IS IN OUR HANDS
art ulica 26